Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 72, 10 декември 2011 година

декември 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за научните области електронски компоненти и интегрирана електроника на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународни економски односи и меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис за учебник „Методика на наставата по книжевност-литературното дело и рецепиентот” од проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Е-бизнис“ (учебник) од авторот проф. д-р Ристе Темјановски од Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на книгата „Трансфузиски трансмисивни заболувања” од авторите д-р Никола Камчев и д-р Милка Камчева од Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на програмирање“ од авторот д-р Владо Гичев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА „ПРАКТИКУМ ПО ПРЕДМЕТОТ ТРГОВСКО ПРАВО“ ОД М-Р БОРКА ТУШЕВСКА, АСИСТЕНТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Со Одлука бр. 1602-168/06 од 19 октомври 2011 год., Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на својата редовна седница, одржана на 19.10.2011 год., ги избра рецензентите:

– проф. д-р Гале Галев – редовен професор во пензија;
– проф. д-р Љупчо Блажевски – вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. д-р Војо Беловски – доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип,

со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на **„ПРАКТИКУМОТ ПО ПРЕДМЕТОТ ТРГОВСКО ПРАВО“** од м-р Борка Тушевска асистент на Правниот факултет.

Комисијата во горенаведениот состав, направи детална анализа и преглед на „Практикумот“ и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

ПРАКТИКУМОТ е од областа на трговското право. Составен е од четири глави во кои се содржани тематски единици од статусно и договорно трговско право. Во ПРАКТИКУМОТ се користени релевантни извори кои авторот на соодветен начин ги употребува. Тој истовремено се користи со своето практично искуство, посебно во делот на статусното трговско право.

Основниот текст на ПРАКТИКУМОТ содржи поглавја кои во целост кореспондираат со Наставниот план и програма на Правниот факултет на сите насоки на кои се изучува предметот. Предметот за кој е наменет ПРАКТИКУМОТ се слуша во трета година во шести семестар на Правосудна насока и Јавна администрација, со неделен фонд 2+1+1 со 6 кредити. Составен дел на ПРАКТИКУМОТ претставуваат бројните и хетерогени одлуки, акти за основање, решенија и тужби, обрасци на договори од различни сфери на облигационото право кои се во функција на совладување на практичните аспекти на оваа проблематика. Авторот успеал да се фокусира на суштествените сегменти, образложувајќи ги со соодветни обрасци од материјата што е предмет на изучување. Во ПРАКТИКУМОТ се содржани вежби коишто на студентите им помагаат полесно, истовремено посуштински да ја совладаат ова проблематика.

Во првиот дел од ПРАКТИКУМОТ авторот се фокусира на анализа и елаборација на основањето на трговските друштва – *капитални и персонални трговски друштва*. Без да навлегува во теоретска анализа на оваа проблематика, авторот ги елаборира одлуките и останатите документи потребни за регистрација на друштвата. Прегледот на одлуките и дејствијата кои се потребни за основање на трговските друштва, авторот ги елаборира согласно со барањата поставени во ЗТД. На овој начин студентите добиваат јасна претстава за сите фази на постапката на основање сè до моментот на стекнување на правен субјективитет на трговските друштва.

Во вториот дел, авторот логично пристапува кон анализа на одлуките и дејствијата потребни за спроведување на организациските промените во рамки на друштвото. Во овој дел се елаборирани одлуките и актите кои друштвото мора да ги донесе и дејствијата коишто управителот во име на друштвото мора да ги преземе во функција на реализирање на промената. Анализата се однесува на *промена на основач во друштвото, промена на седиште, промена на дејност, отворање на подружница*. Исто така, во овој дел се

елаборираат и одлуките и дејствијата кои управителот како застапник по закон мора да ги преземе при зголемувањето и намалувањето на основната главнина на акционерските друштва. Надвор од анализата на секоја поединечна одлука, авторот на систематизиран начин прави паралела со останатите промени кои не се поединечно елаборирани, меѓутоа имаат упатувачка функција при проучувањето на другите статусни и организациски промени во друштвата.

Во третиот дел од ПРАКТИКУМОТ авторот се фокусира на начините на престанување на трговските друштва. Акцентот е ставен на анализа на одлуките за престанување на друштвото и (хетерогените) причини поради кои различните трговски друштва престануваат. Преку анализа на начините на престанување, авторот укажува на специфичностите на различните трговски друштва. На овој начин, тргнувајќи од она што е *differentia specifica* на секое друштво, се прави јасна дистинкција помеѓу капиталните и персоналните трговски друштва. Со ова глава се заокружува делот на статусното трговско право. Авторот на почетокот укажува на суштинската врска помеѓу основањето на друштвата и нивното влегување во облигационо правни односи. Ова во насока на изразување на важноста на договорите коишто друштвата ги склучуваат како база на којашто се реализира целта на основањето. За таа цел, во четвртата глава, предмет на анализа се трговските договори. Ова глава се однесува на договорите коишто трговците секојдневно ги склучуваат. Преку анализа на договорите студентите ќе се запознаат со правата и обврските на договорните страни, ќе ги согледаат договорните клаузули чие вметнување им го дозволува диспозитивното облигационо право, конечно преку вежби самостојно ќе ги уредуваат правата и обврските кои за договорните страни произлегуваат од контрахирањето.

Како правен инструмент врз база на којшто се реализираат економските интереси помеѓу трговските субјекти, договорите опфаќаат најопсежен дел од оваа материја. Во глава четири, авторот направил дистинкција помеѓу именуваните и неименуваните договори, именувајќи ги последните како *нови договори во трговското право*. Не навлегувајќи во детали, авторот прави преглед на конструкцијата на секој од елаборираните договори, поткрепена со соодветен образец за секој договор поединечно.

Правилната употреба на овој ПРАКТИКУМОТ придонесува кон совладувањето на теоретските и практичните аспекти на оваа проблематика. Врз база на ова, студентите би создале целосна претстава за статусното и договорното трговско право оспособувајќи се за анализа и елаборација на најбитните сегменти на трговското право.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Материјалот анализиран и елабориран во ПРАКТИКУМОТ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Трговско право. Според начинот на којшто е елаборирана материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на практикум поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на практичните аспекти на трговското право. Конечно, овој **„ПРАКТИКУМОТ ПО ПРЕДМЕТОТ ТРГОВСКО ПРАВО“** сосема логично се наметнува на теоретското проучување на оваа материја.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Гале Галев, редовен професор во пензија, с.р.**
**Д-р Љупчо Блажевски, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Војо Беловски, доцент, с.р.**